# МАРИЈА АНДРЕЕВА, ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧКИОТ ДИЈАЛОГ ВРЗ ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА: СТУДИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ СЛУЧАЈ Скопје, Антолог, 2023, с.208

Reviewer: Фатима Салифоска

Во текот на 2023 година во издание на Антолог во Скопје на македонски јазик на вкупно 208 страници излезе од печат книгата *Влијанието на политичкиот дијалог врз политичката култура: студија на македонскиот случај* од авторката Д-р Марија Андреева.

Д-р Марија Андреева е доктор по политички науки на Правниот факултет "Јустинијан први" при универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Вработена

Dr., Institute of Spiritual and Cultural Heritage of the Albanians (ITShKSh) – Skopje, salifoska.f@gmail.com

0009-0000-6989-4362

Balkan Studies Foundation
DOI: http//doi.org/10.51331/B012
Journal of Balkan Studies, 4 (1), 2024
balkanjournal.org

This work is licensed under Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY NC)

е во Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје. Таа е авторка на неколку научни трудови и публикации од различни области. Посебен фокус на нејзиното делување се активности посветени на борбата против говор на омраза и дискриминацијата.

Книгата е составена од вовед, пет поглавја и заклучок и истата претставува обемен научен труд кој дава темелна анализа на клучните теоретски дефиниции, концепти и облици на политичкиот дијалог и политичката култура. Авторката го структурирала трудот на пет тематски поглавја со следните наслови: „Теоретска рамка", „Различни практики во развојот на политичкиот дијалог и политичката култура", „Развојот на политичката култура во македонското општство", „Политичкиот дијалог во македонското општество:Подеми и падови" и „Сегашност и иднина".

Во првата глава на книгата се анализирани главните теоретски концепти на политичката култура и политичкиот дијалог, но и нивното меѓусебно влијание. Авторката ги разгледува овие теоретски концепти во три различни точки и за секоја од нив прави теоретски преглед на достапната литература со најважните концепти во поглед на политичката култура, политичкиот дијалог и нивната поврзаност. Првата точка во теоретската рамка се осврнува на стручната литература и основните концепти на политичката култура како феномен, втората точка прави анализа и ги изложува главните дефиниции и поделби на политичкиот дијалог, додека третата точка ја истражува поврзаноста на овие два концепта.

Во вториот дел авторката анализира два примера и прави куса анализа на студија на два различни случаи со цел да воспостави основа за подоцнежна анализа. Во оваа глава се разгледува една позитивна и една негативна практика во однос на развојот на политичкиот дијалог и политичката култура, со цел да се извлечат генерални заклучоци од позитивните и негативните практики при градење на политичкиот дијалог и култура. Како студија на случај, авторката во оваа глава ги земала државите Тунис и Јемен и случувањата за време на „арапската пролет".

Третата глава од книгата е поделена во три точки и секоја од нив се посветува на различни периоди во развојот на политичката култура во државата. Првата точка дава поширок историски контекст и општи карактеристики на политичката култура, вториот дел дава осврт на влијанието на социјалистичкиот и еднопартиски систем во СФРЈ врз обликување на политичката култура, додека последната точка ја

анализира политичката култура и нејзиниот развој од осамостојувањето до денес, вклучувајќи ги и предизвиците со кои се соочувало македонското општество во поглед на политичката култура.

Четвртата глава од оваа книга има вкупно шест посебни целини, и секоја од нив опфаќа различен период од развојот на политичкиот дијалог во државата, при што истата содржи анализа на најважните и најклучните периоди на развојот на политичкиот дијалог и политичките околности. Првата точка го опфаќа периодот на 90-тите години на 20 век, втората точка го опфаќа периодот од 2001 до 2005 година, а третата точка го опфаќа периодот од 2006 до 2016 година. Третата точка содржи четири потточки, при што секоја од нив опфаќа определен временски периоди и настани кои се клучни за  периодот од 2006 до 2016 година, односно: Мајскиот договор, Самитот на НАТО во Букурешт, „Црниот понеделник" (настаните од 24 декември 2012 година и подоцнежните последици и случувања), Шарената револуција и Договорот од Пржино. Поради обемноста на случувањата, потточката „Шарената револуција и Договорот од Пржино" е поделена на уште четири потточки, со цел да се даде подетален осврт и анализа на целиот период. Овие потточки ги опфаќаат случувањата околу создавањето на Шарената револуција, Договорот од Пржино, случувањата околу Шарената револуција и Граѓанското движење за одбрана на Македонија и изборите во 2016 година. Четвртата точка од оваа глава се фокусира на упадот во Собранието на 27 април 2017 година и последиците од него. Петтата точка дава осврт на важноста и влијанието на политичкиот дијалог и евроинтеграциите на државата. Во шестата точка во ова поглавје кандидатката дава кус осврт на пресвртните и најзначајни моменти во политичкиот дијалог во државата и ги извлекува главните заклучоци од настаните и случувањата опишани во претходните точки од оваа глава.

На почетокот на петтата глава авторката се фокусира на испреплетеноста на политичкиот дијалог и политичката култура во македонското општество, начинот на кој меѓусебно се поврзани и какво меѓусебно влијание имаат. Во продолжение ги анализира главните особености на политичкиот дијалог и нивното влијание врз политичката култура. На крај, авторката се обидува врз основа на изнесената анализа да направи можна проекција за иднината на развојот на политичката култура и политичкиот дијалог.

По тематските поглавја авторката дава опширен заклучок на целокупниот труд, притоа потенцирајќи дека промените во политичкиот дијалог создаваат промени во политичката култура, особено во политички поларизирани општества како македонското, но и дека промените во политичката култура создаваат промени во политичкиот дијалог, односно дека овие два процеси меѓусебно си влијаат еден на друг. Авторката акцентира дека да се созададат долгорочни промени во позитивна насока, односно создвање силна, демократска и парципативна политичка култура, потребна е политичка волја за созадвање политички дијалог во кој ќе бидат вклучени различни општествени и политички чинители што ќе ги опфати сите нивоа во општеството, а не само лидерството во политичките партии. Политичкиот дијалог мора истовремено да се одвива внатре во институциите, особено во Собранието, но и да се негува со редовни консултации и дискусии помеѓу политичките партии, и во тие дискусии да се вклучуваат и политичките подмладоци, како идни носители на одлуки што треба да ги продолжат започнатите процеси, особено во поглед на политичкиот дијалог.

Книгата завршува сох листа на целокупната користена литература.

Делото *Влијанието на политичкиот дијалог врз политичката култура: студија на македонскиот случај* е уникатно и единствено заради научниот пристап кон темата која ја обработува. Обемната научна литература што авторката ја користи во книгата овозможува споредување податоци од најразлични извори и тоа е значајна придобивка на овој научен труд. Дополнително, оваа книга дава осврт на клучните периоди на развој на политичката култура и политичкиот дијалог во македонското општество со цел да ја покаже нивната меѓусебна поврзаност и влијание како едни од најважните концепти кои се клучни за развојот на државата и концепти кои во досегашниот тек поминаа низ повеќе турбулентни периоди. Токму затоа, овој труд претставува значајно дело кое дава еден хронолошки преглед на клучните точки и предизвици кои се појавуваа во текот на годините и нуди можни проекции кои се од значаен придонес кон подобрување на општата состојба во поглед на политичката култура и дијалог во иднина.